РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 11-7860/4
19-12-2024 20 год. / viti

# МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

**Објавува**

# ЈАВЕН ПОВИК

**За**

**Финансирање на проекти за изградба, доградба/надградба, адаптација/реконструкција на друг соодветен простор заради пренамена и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади**

## Цели на јавниот повик

Министерство за социјална политика, демографија и млади објавува јавен повик за доставување на апликации (барање) од општините за финансирање на проекти за изградба, доградба/надградба, адаптација/реконструкција на друг соодветен простор заради пренамена и опремување на детски градинки/центри за ран детски развој и други објекти и групи во други просторни услови во општините и општините во Градот Скопје.

## Начин на избор на пријавените проекти

Министерство за социјална политика, демографија и млади ќе обезбеди финансирање на проекти за изградба, доградба/надградба, адаптација/реконструкција на друг соодветен простор заради пренамена и опремување на детски градинки/центри за ран детски развој и други објекти и групи во други просторни услови во општините и општините во Градот Скопје, според критериуми, методологија и други услови утврдени со интерен акт – решение донесено од министерот за социјална политика, демографија и млади.

## Поблиски критериуми за рангирање на пријавените проекти

Критериуми за рангирање на проекти за градежни работи и/или опремување на простор за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се:

А. Опфатеност на деца од предучилишна возраст во установите за деца, во општините

Б. Проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во рурални средини според развиеност на планските региони

В. Планиран опфат (број на деца) за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст според поднесен проект на општината

Г. Финансиско учество на општина

За проектите за кои се бара само опремување на објекти /простор за проширување на капацитетите за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст во општината, што се реализираат без финансиско учество на Министерството за социјална политика, демографија и млади во градежните работи на објектот/ просторот (освен за опремување на централна кујна поради зголемување на бројот на оброци како резултат на проширен капацитет за згрижување и воспитување на деца во установа), се доделуваат 100 бода без рангирање, а ќе се финансираат од Буџетот за 2025 година за Капитални расходи на Раздел 15001 потпрограма 3А во зависност во зависност од планираните средства за 2025 година и од проценета динамика за завршување на градежните работи.

Според горенаведените утврдените критериуми вкупните бодови изнесуваат 100 бода од кои:

- Вкупно 50 бода за опфатеност на децата од предучилишна возраст во установите за деца, во општината која има поголема листа на чекање;
- Вкупно 20 бода за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во рурална средина според развиеност на планските региони ;
- Вкупно 20 бода за планиран опфат (број на деца) за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст според поднесен проект од општината/апликант
- Вкупно 10 бода за финансиско учество на општина за реализација на поднесениот проект (% од проценета вредност на проектот/апликација)

**За критериумот А,** "опфатеност на деца од предучилишна возраст во установите за деца", се доделуваат бодови според процентот (%) на опфатеност на децата во општината и бодови според листата на чекање во општината, како во табелата:

| % на опфат | бодови (%) | број на чекање | бодови (број) |
|---|---|---|---|
| до 1,43% | 20,00 | повеќе од 700 | 30,00 |
| 1,44% - 2,86% | 19,71 | 691-700 | 29,57 |
| 2,87%-4,29% | 19,43 | 681-690 | 29,14 |
| 4,30%-5,71% | 19,14 | 671-680 | 28,71 |
| 5,72%-7,14% | 18,86 | 661-670 | 28,29 |
| 7,15%-8,57% | 18,57 | 651-660 | 27,86 |
| 8,58%-10,00% | 18,29 | 641-650 | 27,43 |
| 10,01%-11,43% | 18,00 | 631-640 | 27,00 |
| 11,44%-12,86% | 17,71 | 621-630 | 26,57 |
| 12,87%-14,29% | 17,43 | 611-620 | 26,14 |
| 14,30%-15,71% | 17,14 | 601-610 | 25,71 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15,72%-17,14% | 16,86 | 591-600 | 25,29 |
| 17,15%-18,57% | 16,57 | 581-590 | 24,86 |
| 18,58%-20,00% | 16,29 | 571-580 | 24,43 |
| 20,01%-21,43% | 16,00 | 561-570 | 24,00 |
| 21,44%-22,86% | 15,71 | 551-560 | 23,57 |
| 22,87%-24,29% | 15,43 | 541-550 | 23,14 |
| 24,30%-25,71% | 15,14 | 531-540 | 22,71 |
| 25,72%-27,14% | 14,86 | 521-530 | 22,29 |
| 27,15%-28,57% | 14,57 | 511-520 | 21,86 |
| 28,58%-30,00% | 14,29 | 501-510 | 21,43 |
| 30,01%-31,43% | 14,00 | 491-500 | 21,00 |
| 31,44%-32,86% | 13,71 | 481-490 | 20,57 |
| 32,87%-34,29% | 13,43 | 471-480 | 20,14 |
| 34,30%-35,71% | 13,14 | 461-470 | 19,71 |
| 35,72%-37,14% | 12,86 | 451-460 | 19,29 |
| 37,15%-38,57% | 12,57 | 441-450 | 18,86 |
| 38,58%-40,00% | 12,29 | 431-440 | 18,43 |
| 40,01%-41,43% | 12,00 | 421-430 | 18,00 |
| 41,44%-42,86% | 11,71 | 411-420 | 17,57 |
| 42,87%-44,29% | 11,43 | 401-410 | 17,14 |
| 44,30%-45,71% | 11,14 | 391-400 | 16,71 |
| 45,72%-47,14% | 10,86 | 381-390 | 16,29 |
| 47,15%-48,57% | 10,57 | 371-380 | 15,86 |
| 48,58%-50,00% | 10,29 | 361-370 | 15,43 |
| 50,00%-51,43% | 10,00 | 351-360 | 15,00 |
| 51,44%-52,86% | 9,71 | 341-350 | 14,57 |
| 52,87%-54,29% | 9,43 | 331-340 | 14,14 |
| 54,30%-55,71% | 9,14 | 321-330 | 13,71 |
| 55,72%-57,14% | 8,86 | 311-320 | 13,29 |
| 57,15%-58,57% | 8,57 | 301-310 | 12,86 |
| 58,58%-60,00% | 8,29 | 291-300 | 12,43 |
| 60,01%-61,43% | 8,00 | 281-290 | 12,00 |
| 61,44%-62,86% | 7,71 | 271-280 | 11,57 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 62,87%-64,29% | 7,43 | 261-270 | 11,14 |
| 64,30%-65,71% | 7,14 | 251-260 | 10,71 |
| 65,72%-67,14% | 6,86 | 241-250 | 10,29 |
| 67,15%-68,57% | 6,57 | 231-240 | 9,86 |
| 68,58%-70,00% | 6,29 | 221-230 | 9,43 |
| 70,01%-71,43% | 6,00 | 211-220 | 9,00 |
| 71,44%-72,86% | 5,71 | 201-210 | 8,57 |
| 71,87%-74,29% | 5,43 | 191-200 | 8,14 |
| 74,30%-75,71% | 5,14 | 181-190 | 7,71 |
| 75,72%-77,14% | 4,86 | 171-180 | 7,29 |
| 77,15%-78,57% | 4,57 | 161-170 | 6,86 |
| 78,58%-80,00% | 4,29 | 151-160 | 6,43 |
| 80,01%-81,43% | 4,00 | 141-150 | 6,00 |
| 81,44%-82,86% | 3,71 | 131-140 | 5,57 |
| 82,87%-84,29% | 3,43 | 121-130 | 5,14 |
| 84,30%-85,71% | 3,14 | 111-120 | 4,71 |
| 85,72%-87,14% | 2,86 | 101-110 | 4,29 |
| 87,15%-88,57% | 2,57 | 91-100 | 3,86 |
| 88,58%-90,00% | 2,29 | 81-90 | 3,43 |
| 90,01%-91,43% | 2,00 | 71-80 | 3,00 |
| 91,44%-92,86% | 1,71 | 61-70 | 2,57 |
| 92,87%-94,29% | 1,43 | 51-60 | 2,14 |
| 94,3%-95,71% | 1,14 | 41-50 | 1,71 |
| 95,72%-97,14% | 0,86 | 31-40 | 1,29 |
| 97,15%-98,57% | 0,57 | 21-30 | 0,86 |
| 98,58%-100,00% | 0,29 | до 20 | 0,43 |

**За критериумот Б**, "проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во рурално подрачје според степенот на развиеност на планскиот регион по развоен индекс", се доделуваат бодови за рурално подрачје според развојниот индекс на планскиот регион, од најмалку 10 бода за рурално подрачје од планскиот регион со највисок развоен индекс, до најмногу 20 бода за рурално подрачје од планскиот регион со најнизок развоен индекс, со распон по бодови според развојниот индекс на планскиот регион, како во табелата:

| Плански регион | бодови |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Североисточен | 20,00 |
| Источен | 15,47 |
| Вардарски | 15,34 |
| Југозападен | 15,14 |
| Полошки | 15,14 |
| Пелагониски | 15,07 |
| Југоисточен | 13,99 |
| Скопски | 10,00 |

**За критериумот В**, "е за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст", се доделуваат бодови според број на деца опфатени со проширување на капацитетот со поднесениот проект од општината), како во табелата:

| Планиран опфат (број на деца) за проширување на капацитетот | |
|---|---|
| број на деца опфатени со проширување на капацитетот | бодови |
| над 200 | 20 |
| 191-200 | 19 |
| 181-190 | 18 |
| 171-180 | 17 |
| 161-170 | 16 |
| 151-160 | 15 |
| 141-150 | 14 |
| 131-140 | 13 |
| 121-130 | 12 |
| 111-120 | 11 |
| 101-110 | 10 |
| 99-100 | 9 |
| 81-90 | 8 |
| 71-80 | 7 |
| 61-70 | 6 |
| 51-60 | 5 |
| 41-50 | 4 |
| 31-40 | 3 |
| 21-30 | 2 |
| до 20 | 1 |

**За критериумот Г**, "финансиско учество на општината/апликантот за реализација на доставениот проект" се доделуваат максимум 10 бодови согласно следнава табела

| Процент на финансиско учество на апликант |
|---|

| % | бодови |
|---|---|
| повеќе од 50,00% | 10 |
| 45,01% - 50,00% | 9,5 |
| 40,01% - 45,00% | 9 |
| 35,01% - 40,00% | 8 |
| 30,01% - 35,00% | 7 |
| 25,01% - 30,00% | 6 |
| 20,01% - 25,00% | 5 |
| 15,01% - 20,00% | 4 |
| 10,01% - 15,00% | 3 |
| 5,01% - 10,00% | 2 |
| 2,51% - 5,00% | 1 |
| 2,10% 2,50% | 0,5 |
| 1,51%- 2,00% | 0,4 |
| до 1,01% - 1,50% | 0,3 |
| 0,51% 1,00% | 0,2 |
| до 0,50% | 0,1 |
| помалку од 0,50% | 0 |

**Дополнителен критериум**: На апликантите на проектите кои биле финансирани и реализирани во последните три години, согласно Програмата за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст,, им се одземаат 10 бодови од вкупниот број на бодови од критериумите од точка 3 односно од А до Г .

**Извор на средства**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2025 година за капитални расходи, Раздел 15001, сметка 637, 3А – Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, а ќе се реализираат преку постапка за јавни набавка спроведена од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Потребна документација**

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на пополнета апликација (Барање) и проект, објавена на официјалната веб страница на Министерството за социјална политика, демографија и млади www.mtsp.gov.mk.

**Рок и начин на спроведување на постапка**

Јавниот повик е од отворен тип за поднесување на апликации заклучно со 26.12.2024 година и истиот е објавен на официјалната веб страница на Министерството за социјална политика, демографија и млади www.mtsp.gov.mk.

Апликациите (Барањата), во пишана форма со прилог документација треба да се достават до Министерството за социјална политика, демографија и млади, преку пошта на адреса ул. „Даме Груев,, бр.14, 1000 Скопје, или во архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади со назнака "Јавен повик за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерство за социјална политика, демографија и млади".

Дополнителни информации може да се добијат на следниот телефон 023106-258

НАПОМЕНА:

Пријавите кои ќе пристигнат по рокот за доставување нема да се разгледуваат.

Министерство за социјална политика, демографија и млади